ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
Тел./факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk
Бр. 01-347/1
16.09 2026 год.
Општина Аеродром-Скопје

Правилник за постапката и начинот на избор на слободни изборни предмети во основното училиште

Член 1

Предмет на Правилникот

Со овој Правилник се уредуваат постапката, начинот, роковите и одговорностите при утврдување на понудата и изборот на слободни изборни предмети во училиштето.

Правилникот се применува во согласност со Законот за основното образование, Наставниот план, Концепцијата за основно образование, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и другите релевантни прописи и акти.

Член 2

Цели

Целта на изборот на слободни изборни предмети е:

1. да се овозможи учениците да избираат содржини според своите интереси, потреби, способности и афинитети;
2. да се поттикне активното учество на учениците во воспитно-образовниот процес;
3. да се развиваат знаењата, вештините, ставовите и вредностите определени со Националните стандарди
4. .Да се овозможи учениците да ги откриваат и развиваат своите потенцијали и интереси.

Член 3

Изборот и реализацијата на слободните изборни предмети се засноваат на следните принципи:

- почитување на интересите и потребите на учениците;
- еднаквост и недискриминација;
- инклузивност;
- родова рамноправност;
- почитување на различностите;
- еднаква важност на слободните изборни предмети со задолжителните предмети.

Член 4

Слободните изборни предмети се наменети за учениците согласно образовниот период во кој се реализираат.

- Во првиот образовен период, од I до III одделение, слободните изборни предмети се реализираат како слободни активности во рамките на паралелката.

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел/Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

- Во вториот и третиот образовен период, од IV до VI и од VII до IX одделение, учениците избираат од понудени слободни изборни предмети од различни категории.

Член 5

Категории на слободни изборни предмети

За учениците од IV до IX одделение се обезбедува понуда од следните категории:

1. **Предмети за проширување и продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети;**
2. **Предмети за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од редовните наставни предмети;**
3. **Предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците;**
4. **Предмети од спортско-рекреативен карактер.**

Член 6

Анкетирање на учениците

При крајот на секоја учебна година училиштето спроведува анкета за утврдување на интересот на учениците за слободни изборни предмети.

Анкетата ја организира стручната служба во соработка со наставниците.

Анкетата се спроведува со прашалник **(електонски Google Forms)** и се пополнува анонимно.

Во прашалникот се наведуваат различни области и теми од кои може да се формираат слободни изборни предмети.

Учениците имаат можност да предложат и други теми/подрачја за кои пројавуваат интерес.

Член 7

Обработка на резултатите од анкетата

Стручната служба ги собира и обработува податоците од анкетите (.Google forms)

Врз основа на резултатите се утврдуваат областите и темите за кои учениците покажале најголем интерес.

При формирањето на листите се зема предвид интересот на најмалку 15 ученици од конкретниот образовен период, како и потребата во секоја категорија да има понудено најмалку три предмети, согласно можностите на училиштето.

Член 8

Формирање на листата на слободни изборни предмети

Врз основа на резултатите од анкетата, можностите на училиштето, расположливиот наставен кадар и условите за реализација, се формира конечна листа на слободни изборни предмети.

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

Училиштето формира посебна листа за:

- вториот образовен период – IV–VI одделение;
- третиот образовен период – VII–IX одделение.

Листите се објавуваат на веб-страницата и/или огласната табла на училиштето, согласно роковите утврдени со Водичот.

Член 9

Определување на наставници

Наставничкиот совет, по предлог на директорот, стручните активи и/или врз основа на искажаниот интерес на наставниците, ги определува наставниците кои ќе ги реализираат слободните изборни предмети при што се води сметка да се изберат наставнците со помал фонд на часови или наставници кои можат да бидат во иднина прогласени за технолошки вишок.

За предметите кои се однесуваат на проширување и продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети се ангажираат наставници од соодветната област.

Член 10

Избор на слободни изборни предмети

Во првата недела од септември, секој ученик, со поддршка од родителот /старателот , го врши изборот на слободни изборни предмети од објавената листа (Google Forms).

Ученикот избира предмети кои се од различни категории;

Член 11

Избор по полугодија

Во текот на една учебна година ученикот следи два слободни изборни предмети:

- еден предмет во првото полугодие;
- еден предмет во второто полугодие.

Предметите избрани во текот на истата учебна година треба да бидат од различни категории.

Во текот на еден образовен период ученикот не може двапати да го избере истиот предмет, освен кога станува збор за предмети од иста област, но со различно ниво.

Член 12

Формирање на групи

По завршувањето на изборот, стручната служба ги обработува податоците и, во соработка со директорот и наставниците, ги формира групите.

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

Групите може да се формираат од ученици:

- од иста паралелка;
- од различни паралелки од иста година;

Член 13

Распоред и организација

Училиштето определува фиксни термини за реализација на слободните изборни предмети, со цел да се овозможи доколку е потребно учениците од различни паралелки да се прегрупираат во соодветни групи.

Распоредот го подготвува училиштето согласно бројот на групите, расположливиот наставен кадар и просторните услови

Член 14

Одговорности на стручната служба

Стручната служба:

1. ја подготвува и спроведува анкетата;
2. ги обработува резултатите;
3. предлага листа на слободни изборни предмети;
4. ги информира учениците и родителите/старателите;
5. го спроведува процесот на избор;
6. ги обработува изборните листови;
7. учествува во формирањето на групите;
8. води евиденција за изборот на учениците;
9. го следи спроведувањето на постапката;

Член 15

Одговорности на наставниците

Наставниците:

- ги информираат учениците за понудените предмети;
- учествуваат во спроведувањето на анкетата;
- го реализираат избраниот слободен изборен предмет согласно одобрената наставна програма;
- го следат присуството, активноста и напредокот на учениците;
- водат соодветна педагошка евиденција.

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

Член 16

Права на учениците

Секој ученик има право:

- да биде навремено информиран за понудените предмети;
- да избере од понудата предмет согласно сопствените интереси и афинитети;
- да не биде дискриминиран при изборот;
- да добие поддршка од наставниците, стручната служба и родителот/старателот при изборот.

Член 17

Информирање на родителите/старателите

Училиштето ги информира родителите/старателите за:

- понудените слободни изборни предмети;
- категориите на предметите;
- начинот на избор;
- роковите за избор;
- начинот на формирање на групите.

Член 18

Евиденција и документација

За реализација на постапката се води документација која може да опфаќа:

1. прашалник за пројавување првичен интерес;
2. обработени резултати од анкетата;
3. конечна листа на понудени слободни изборни предмети;
4. изборни листови на учениците/електронски (Google Forms)
5. списоци на формирани групи;
6. распоред на реализација;
7. извештај за спроведениот избор.

Документацијата се чува согласно прописите за педагошка документација и заштита на личните податоци.

Член 19

Следење и вреднување

Наставникот континуирано го следи напредокот на секој ученик, неговата редовност, активност, ангажираност и придонес во активностите.

Вреднувањето се врши согласно наставната програма за конкретниот слободен изборен предмет и насоките од Водичот.

ООУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

Член 20

Одговорност за спроведување

За законитото и навремено спроведување на постапката се одговорни директорот, стручната служба, наставниците и другите лица определени од училиштето, секој во рамките на своите надлежности.

Член 21

Транспарентност

Сите информации значајни за изборот на слободните изборни предмети треба да бидат достапни и навремено соопштени на учениците и родителите/старателите.

Резултатите од анкетата и конечната понуда се објавуваат на начин утврден со актите на училиштето, при што се почитуваат прописите за заштита на личните податоци.

Член 22

Завршни одредби

За прашањата што не се уредени со овој Правилник непосредно се применуваат одредбите од Законот за основното образование, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование, наставните планови и програми и другите важечки прописи.

Член 23

Влегување во сила

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување/усвојување од страна на надлежниот орган на училиштето.

Датум

_____

Директор

М-р Магдалена Петреска

_____